РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА МАРТ 2008 ГОДИНА

### 1. Зајакнување на институционалниот капацитет

Во рамки на проектот Single Window и One Stop Shop подготвени се измени на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис, а во тек е подготвка на меѓуагенциски процедури за негово функционирање и дигиталното сертифицирање на лиценците.

Четирите мобилни рентгенски скенери за контрола на камиони и контејнери се ставени во дваесетичетиричасовно функционирање, што приденесе за намалување на времето на контрола со зголемен квалитет, како и врмето за поминување на македонските граници. Покрај ова, во насока на забрзување на транспорт и трговијата делуваше и воведувањето на 24-часовно присуство на ветеринарната инспекција на најфрекфентните гранични премини.

Делегацијата на Европската Комисија изврши селекција и склучи договори за ангажман на четири консултанти од Европската унија кои во периодот април-јуни треба да припреми техничка спецификација за замена на постоечкиот царински софтвер (ASYCUDA) со нов, компатибилен со системите на ЕУ.

Во март 2007 година Царинската управа донесе Упатство за интерен контролен систем со кое се утврдуваат интерните контролни цели, начинот на идентификација, анализа и вреднување на ризиците, како и интерните контролни процедури и улогата на раководството и вработените во Царинската управа. Интерниот контролен систем на Царинската управа е дефиниран како континуиран процес кој ги вклучува сите видови на финансиски и други контроли кои треба да обезбедат услови за исполнување на утврдените цели и задачи, економична и ефикасна употреба на ресурсите, адекватна контрола на ризиците и безбедно чување на средствата, веродостојност и интегритет на финансиските и менаџерските информации и усогласување со законите и регулативите, како и со политиките, плановите, и другите внатрешни правила и процедури. Следат обуки за имплементација.

Во овој месец се извршени натамошни унапредувања на функционалноста на апликации за кадровската евиденција на вработените, кривичните пријави, запленетите стоки и апликација за Help Desk, како и на апликацијата БОРДЕР во делот на затварање на податоците од „НАТО Сертификат". Царинската управа продолжи со проверка на софтверски решенија кои ги користат имателите на одобренија за постапки со економски ефект.

Во насока на мрежно поврзување и зголемување на пропусната моќ на Царинскиот информативен систем, компјутеризирана е и мрежно интегрира царинската испостава Пелинце, а зголемена е пропустаната моќ на мрежните линии кои ги поврзуваат царинските испостави Аеродром - Скопје, Дојран и Блаце со Централната управа.

Во март 2008 година Царинската управа наплати 4.277 милиони денари (околу 70 милиони евра) на име вкупни приходи од увозни давачки, од кои 558 милиони денари (околу 9 милиони евра) на име царина и други carински давачки, 3.614 милиони денари (околу 59 милиони евра) на име ДДВ, 70 милиони денари (околу 1,1 милиони евра) на име акцизи и 34 милиони денари (околу 0,6 милиони евра) на име надоместоци. Во споредба со истиот месец 2007 година, вкупно наплатените увозни давачки се поголеми за 34,7 %.

Наплатените вкупни приходи во првиот квартал 2008 година изнесуваат 11.437 милиони денари (околу 187 милиони евра) што е за 2.597 милиони денари (околу 42 милиони евра) или 29,4% повеќе во однос на истиот квартал 2007 година кога беа наплатени 8.840 милиони денари вкупни приходи од увозни давачки.

## 2. Зајакнување на административниот капацитет

Во март 2008 година Царинската управа учествуваше во организација на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- во соработка со Crown Agents во текот на март одржани се 12 семинари за подигнување на свеста кај царинските службеници за борба против корупција на кои учествуваа 428 царински службеници,
- за вработените во Царинарница Битола одржани се семинари за освежување на знаењето на кои учествуваа вкупно 85 царински службеници,
- одржана е основна обука за 16 нововработените царински службеници според програмите за основна обука на тема преглед на патници, стока и возила и идентификација и откривање на дрога,
- одржан е воведен курс за 46 нововработени царински службеници за работа со мобилни скенери,
- во соработка со Граничната полиција одржани се четири обуки на тема „Идентификација на дрога„ во Тетово, Деве Баир и во Делчево,
- одржана е работилница за подготовка на заеднички обуки со цел подобрување на интегрираното гранично управување,
- во соработка со Амбасадата на САД во Струга е одржана е “Регионална вежба за контролирана испорака на оружје за масовно уништување“ ,
- во рамките на Твининг проектот со Холандската царина одржана е обука на тема „Поедноставени постапки при увоз за облагородување” на која учествуваа 18 царински службеници,
- во рамки на CARDS 2005 проектот одржана е обука на тема “Откривање и таргетирање на нелегално стекнат имот“ на која учествуваа двајца претставници од Царинската управа,
- во рамки на Твининг проектот со Министерството за финансии на Кралството Холандија одржана е еднодневна обука за самопроценка на ризик,
- двајца претставници од Царинската управа учествуваа на состанок за стекнување на искуства за Овластен економски оператор (ОЕО) и процедурите за вршење на иницијална контрола пред добивање на статус на ОЕО и контрола по добивање на статусот, одржан во Будимпешта,
- еден претставник од Царинската управа го посети Техничкиот универзитет во Рига со цел запознавање со соработката која ја остварува Светската царинска организација со научните институции во рамките на PICARD програмата,

- дваjца претставници од Царинската управа управа учествуваа на Обука за инсталација и менаџирање на Oracle 10g. на Real Aplication Cluster, одржана во Љубљана,
- еден претставник од Царинската управа престојуваше на студиска посета во Мадрид како дел од Твининг проектот "Зајакнување на капацитетите за спречување на перење на пари",
- тројца претставници од Царинската управа учествуваа на Конференцијата за царинска соработка во Југоисточна Европа одржана во Брдо, Словенија,
- во Благоевград, Бугарија одржана е Регионална конференција за олеснување на трговијата „The Silk Road-Information Highway of the 21$^{th}$ Centry" на која учествуваа пет претставници од Царинската управа.

Согласно со Акциониот план на Царинската управа, во март 2008 година воспоставена е царинска библиотека. Царинската библиотека претставува инструмент преку кој сите вработени во Царинската управа ќе имаат пристап до сите материјали (печатени, аудио и видео) со кои располага Централната управа, а кои се добиени по различни основи (купување, донација, сопствено издаваштво или преку учество на меѓународни активности). Преку развојот на библиотеката ќе се изврши колекционирање и попишување на сите материјали, нивно систематско класифицирање и евидентирање според областа за која се однесуваат, како и посојано ажурирање на библиотечниот фонд. Списокот на книги, публикации, видео и аудио материјали е објавен на интранет страната на Царинската управа и е достапен за користење од страна сите вработени. Списоскот на библиотечниот фонд ќе биде постојано ажуриран и дополнуван согласно приливот на нови содржини.

На 27 март, Фондацијата Институт отворено општество на Македонија на Царинската управа и додели признание од прва категорија кај централните институции за пркажани најголеми достигнувања во практицирањето на принципите на доброто управување.

## 3. Интегритет и борба против корупција

Во март 2008 година инспекторите од Одделението за внатрешни истраги реализираа 10 истражни постапки во организационите единици на Царинската управа. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации. За спроведените истраги изработени се 5 службени информации и 3 службени белешки[1]. Во истиот период Одделението за внатрешна инспекција изврши пет контроли во повеќе организациони единици на Царинската управа и изготви пет извештаи.

Царинската управа поднесе кривична пријава против 10 царински службеници поради постоење на основано сомневање дека сториле кривично дело злоупотреба на службена должност, односно поради основано сомневање дека царинските

[1] Службени информации се изготвени кога по извршените внатрешни истраги постои основано сомнение дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс. Службени белешки се изготвени кога по извршените внатрешни истраги не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

службеници вршеле погрешна примена на правилата за преференцијално потекло на стока.

Одделението за внатрешна ревизија, во март 2008 година изврши ревизија на системите за контрола на издавање на овластувања и нивото на пристап во царинскиот систем ASYCUDA ревизија на финансискиот извештај за капиталните расходи по проекти и буџетски програми за 2007 година.

Во истиот период во Царинската управа се реализирани две дисциплински постапки против двајца царински службеници и во двата случаи донесена е дисциплинска мерка престанок на работен однос.

## 4. Транспарентност

Во март 2008 година преку отворената царинска линија 197 се примени 8.005 повика или во просек 258 повик на ден, од кои:

- 9 повика се А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени активности,
- 14 повика се Б класа (информации кои бараат натамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 22 повика се Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници),
- 1 повика се I класа (информации кои се однесуваат за пријавување на повредна на правата од интелектуална сопственост).

До Гранична полиција упатени се 56 барања за асистенција, проверка на лица/возила за остварен влез или излез, а до Дежурниот центар за состојби при Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи упатено е 1 барање за проверка на податоци на лица. На сите упатени барања е добиен одговор.

Во делот на континуираното зголемување на транспарентноста во информирањето на вработените и пошироката јавност, во март 2008 година на интранет порталот на Царинската управа се објавени 26 информации, додека на официјалната интернет страница се објавени 70 информации на македонски, англиски и албански јазик.

## 5. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

На 07.03.2008 година, при царинска контрола на автобус со помош на мобилен скенер, пронајдени се сокриени 920 грама златен накит и 32.465 грама сребрен накит.

На 29.03.2008 година на граничниот премин Богородица, при извршена царинска контрола на камион од страна на мобилните тимови пронајдени се непријавени 183 икони со различна големина. Непријавената стока е пронајдена со користење на рентгенски скенер за контрола на големи возила и контејнери.

Врз основа на разузнавачки информации и анализи на ризикот, специјалните мобилни единици, во март 2008 година извршија преглед на 324 камиони, 38 автобуси, 431 автомобили или на вкупно 793 возила на граничните премини и во внатрешноста, при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од

повеќе трговски марки). Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети:

- 71.800 парчиња цигари,
- 23,5 литри алкохолни пијалоци,
- 4.267 парчиња текстилни производи и облека, 160 м2 ткаенина и 118 кг текстил метража,
- 3 долги бунди од природно крзно и 6 бунди од кожа со крзно,
- 2.531 пар обувки (чевли, патики и чизми),
- поголема количина на храна и прехрамбени производи - 310 кг свежи моркови, 800 кг ориз, 22,7 кг преработки од месо и 30 литри млеко во тетрапак,
- 600 таблети Скоприл Плус (30 пакувања по 20 таблети),
- 600 парчиња садници (јаболка),
- 70 канаринци, 4 гулаби, 2 зајаци и 4 телиња,
- 2.352 сета прибор за коса (чешел, четка и огледало), 7.328 чешли,
- 7 парчиња парфеми и 672 парчиња маскари,
- 2.275 парчиња кујнски прибор од метал, 2.712 шољи и 2.445 парчиња стаклени чаши,
- 265 парчиња различни делови за трактор, 139 парчиња делови за автомобили, 4 парчиња автомобилски гуми со бандажи и 8 парчиња половни автомобилски гуми,
- 1 гасен пиштол калибар 9 мм и 73 парчиња муниција за истиот,
- 1.309 парчиња накит,
- 64 пара златни обетки (околу 120 грама),
- 49 машки и женски рачни часовници,
- 95 парчиња очила за сонце,
- 3 справи за вежбање,
- 424 $м^2$ теписи (126 парчиња),
- 8.000 метри синтетички конец,
- 2.660 парчиња детски играчки,
- 992 парчиња свеќи,
- 4 комплети скии и 1 даска за скијање,
- 150 литри масло за дизел мотори,
- 22 парчиња електролит батерии,
- 725 кг бакар сулфат,
- 350 кг препарат за одмастување на метални површини,
- 65 м2 ламинат,
- 11 прозорци со и без стакло,
- 846 парчиња алуминиумски држачи за стакло,
- компјутери и компјутерски делови – 5 парчиња LCD монитори, 3 парчиња компјутер, 20 парчиња графички картици, 155 парчиња различна компјутерска опрема (печатари, централни едници, дискетни единици – флопи, ЦД читач, хард диск, факс модеми, рутери итн),
- поголема количина електрични апарати и делови – 12 плазма телевизори, 1 правосмукалка, 19 фотоапарати, 41 употребуван телефон, 59 употребувани мобилни телефони, 44 полначи, 30 батерии и 8 слушалки за мобилни телефони, 1 професионална органа, 55 расветни тела, 6 тастатури за лифт, 1 домофон, 2 електрични плочи, 20 склопки, 80 флет кабли и 929 парчиња електро материјали),
- поголема количина алати, машини и делови – 2 алтернатора, 1 машина за шиење оверлук, 1 парче електромотор, 1 косилка за трева, 20 ножеви (пили) за сечење за пилана, 449 пластични спојки за вода, 95 распрскувачки капачки за вода, 3 филтри за вода, 240 дихтунзи и 397 парчиња различни делови),
- 116.100 евра.

За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа доставени се 334 барања за поведување на прекршочна постапка, од кои: 36 барања по прекршочна пријава за возила од Министерството за внатрешни работи, 23 барања по записник за царински прекршок од Секторот за контрола и истраги, 75 барања по записник за царински прекршок од царинските испостави, а останатите 200 се вратени предмети од Основните судови кои со решенија се огласуваат за ненадлежни. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во март реши 37 предмети во редовна и скратена постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 12 милиони денари (околу 190 илјади евра) и одзеде стока во вкупна вредност од 347 илјади денари (околу 6 илјади евра). Во истиот период Царинската управа поднесе 13 пријави за покренување за кривична постапка против 19 физички лица и 5 правни лица. Во текот на март Царинската управа издаде 209 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 2 милиони денари (27 илјади евра)

Во март 2008 година Царинската управа донесе 353 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 10,5 милиони денари (околу 171 илјади евра).

Во март 2008 година Царинската управа спречи 12 обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 26.654 парчиња различна стока со следната структура:

- 2.325 парчиња со лого на трговската марка NIKE (2.014 пара патики, 40 парчиња долни тренерки, 19 пара тренерки, 170 парчиња маици, 70 парчиња долна облека и 12 парчиња очила за сонце),
- 1.840 парчиња со лого на трговската марка ADIDAS (1.185 пара патики, 20 парчиња долни тренерки, 60 парчиња долна облека и 575 пара тренерки),
- 158 пара патки со лого на трговската марка REEBOK,
- 292 пара патики со лого на трговската марка CONVERSE,
- 2.210 парчиња со лого на трговската марка REPLAY (1.520 парчиња маици и 690 парчиња долна облека),
- 2.518 парчиња со лого на трговската марка DIESEL (1.210 парчиња маици, 1.080 парчиња долна облека, 158 парчиња фармерки и 70 парчиња блузи),
- 4.907 парчиња со лого на трговската марка D&G (4.070 парчиња долна облека, 800 парчиња маици и 37 парчиња очила за сонце),
- 1.150 парчиња со лого на трговската марка VERSACE (806 парчиња долна облека, 264 парчиња блузи и 80 парчиња маици),
- 2.178 парчиња со лого на трговската марка EMPORIO ARMANI (2.140 парчиња долна облека, 24 парчиња блузи и 14 парчиња очила за сонце),
- 220 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка GIORGIO ARMANI,
- 80 парчиња маици со лого на трговската марка ARMANI,
- 180 пара патики со лого на трговската марка HUGO BOSS,
- 400 парчиња долна облека со лого на трговската марка BOSS,
- 965 парчиња со лого на трговската марка GUCCI (940 парчиња долна облека и 25 парчиња очила за сонце),
- 682 парчиња со лого на трговската марка LACOSTE (670 парчиња долна облека и 12 парчиња очила за сонце),
- 2.020 парчиња долна облека со лого на трговската марка CALVIN KLIEN,
- 500 парчиња долна облека со лого на трговската марка JUST CAVALLI,
- 280 парчиња маици со лого на трговската марка TOM TAILOR,
- 55 парчиња маици со лого на трговската марка TOMMY HILFIGER,
- 47 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка CHRISTIAN DIOR,

- 14 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка RAY BAN,
- 42 парчиња очила за сонце со лого на трговската марка CHANEL,
- 2.092 парчиња светилки со лого на трговската марка PHILIPS.

Во март 2008 година прифатени се 8 нови барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост за Bonux, Duracell, Gillette, Always, Braun, Ariel, Oral B и Pantene.

Во истиот период, Царинската управа спроведе уништување на 5.702 парчиња различна фалисфикувана стока (очила за сонце, џојстици и делови за автомобили), за која по завршување на постапката согласно Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост се потврди дека е фалсификат и ги повредува правата од интелектуална сопственост. Уништената стока беше од следните трговски марки: Converse, Adidas, Puma, Diesel, D&G, Versace, Ray Ban, Nokia и Mercedes.

## 6. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

По покана на Н.Е. г-дин Ален Бриан Бергант, Амбасадор на Република Словенија во Република Македонија, земја претседавач со Европската унија на 4 март 2008 година, во просториите на Делегацијата на Европската комисија во Скопје, делегација на Царинската управа оствари работна средба со амбасадорите на Државите членки на ЕУ акредитирани во Република Македонија и Шефот на Делегацијата на Европската комисија. На состанокот беа презентирани достигнувањата на Царинската управа во 2007 година, при што посебно беше истакнато зајакнувањето на капацитетите за исполнување на Мисијата на царинската служба и активностите на полето на приближувањето на царинското работење кон стандардите на Европската унија и нивната практична примена во насока на понатамошно поедноставување и забрзување на царинските постапки. Исто така, беа истакнати и резултатите во борбата против недозволената трговија и царинските измами, заштитата на правата на интелектурална сопственост, борбата за спречување на корупцијата, зголемената ефикасност во прибирањето на буџетските средства преку зголемена наплата на приходи. Во оваа прилика, Царинската управа ги претстави измените на Царинскиот закон и воведувањето на статусот на Овластен економски оператор, ставањето во функција на четирите мобилни скенери за камиони и контејнери, статусот на набљудувач на Конвенцијата за заеднички транзит и подготовката за полноправно членство. Воведувањето на модерна царинска лабораторија, Едношалтерски ситем за увоз, извоз и тарнзит, современ видеомониторинг, електронско читање и обработка на регистарските таблици, како и воведување на современ информатички систем претставуваат дел од проектите кои ќе имаат висок приоритет во 2008 година. Голем дел од овие активности се одвиваат во соработка со странски експерти, преку користење на странска помош од средствата на програмите на ЕУ, како и преку соработка со други странски служби на билатерална основа.

Во рамките на активностите за реализација на Проектот за воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување (ЕС/КЕЗ) се реализираат континуирани активности соред Елаборатот за имплементација на ЕС/КЕЗ. Во таа насока проектната работна група утврди потреба од дополнување на пет закони (Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис, Закон за административни такси, Закон за заштита од експлозивни материи, Закон за промет на експлозивни материи и Закон за оружје) и за истите се изготвени и доставени до Владата предлози за измени и дополнувања. Во тек е инсталација на опремата набавена за потребите на Проектот, како и инсталација

на апликацијата, нејзино тестирање и обука за стручно оспособување на лицата за користење на софтверската апликација. Со цел мрежно поврзување на институциите и ефикасно покривање на локациите, Царинската управа изработи „Елаборат за добивање на дозвола и доделување на фрекфенции” и по одобрувањето од Агенцијата за електронски комуникации ќе се изврши поставување на радио опрема за поврзување на институциите вклучени во Проектот.

Имајќи предвид дека постоечкиот царински систем (ASYCUDA) е одамна застарен и некомпатибилен за интерконекција со ЕУ царинските системи, а со цел негова замена на Царинската управа обезбеди експертиза и финансирање од предпристапните фондови на ЕУ - ИПА 2007. Техничката спецификација за објавување на тендер за ангажирање на ИТ и царински експерти во рамки на Програмата ИПА 2007 е изработена од страна на Царинската управа и во декември 2007 година е доставена до Делегацијата на Европската Комисија која го објави тендерот на 12 март 2008 година. Истовремено, со цел обебзедување ново национално царинско софтверско решение, со посредство на Европската агенција за реконструкција (ЕАР) во рамки на програмата КАРДС се ангажирани четири ИТ и царински експерти кои ќе почнат со подготовка на Техничка спецификација за изработка на националниот царински софтвер. Изборот на ИТ експерти е извршен и истите треба да започнат со работа во Царинската управа на 07.04.2008 година.

Во насока воспоставување на полна електронска размена на податоци, продолжуваат со реализција активностите во рамките на Пилот проект за прекугранично олеснување на трговијата помеѓу Република Македонија, Република Бугарија и Република Србија, финасиран од Владата на Соединетите Американски Држави, преку U.S. Trade and Development Agency, а изведувач е компанијата Inner Circle Logistics Inc.(ICL). Во рамките на Проектот, на 26-27 март 2008 година, во Благоевград, Бугарија, се одржа Регионална конференција на тема „The Silk Road – Information Highway of the 21st Century”.

На 13 и 14 март 2008 година во Брдо, Словенија се одржа Конференција „Царинска соработка во Југоисточна европа”. Целта на конференцијата е унапредување на царинската соработка во регионот, преку: презентација на резултатите и напредокот во врска со препораките на претходните состаноци, со акцент на прашањата на мерките за безбедност и олеснување на трговијата, размена на добра и успешна пракса, промоција на концептот на Интегрираното гранично управување и соработка на границите, испитување на можностите за борба против цариснките неправилности во регионот, како и разгледување на прашања од взаемен интерес за понатамошно усогласување и модернизација на царинските служби, посебно преку подигање на оперативните капацитети. Исто така, на Конференцијата беше претставена новата ажурирана верзија на Царински упатства на Европската комисија (EC Customs Blueprints), во кои се дадени насоките и целите кои претставуваат патоказ кон исполнувањето на потребните стандарди од областа на царинското работење за членство во Европската унија. На оваа Конференција, беше претставен напредокот, тековната состојба и плановите на Царинската управа на Република Македонија за модернизација и реформи. На конферецнијата директорите на царинските служби од Регионот усвоија Декларација и заклучоци за понатамошната взаемна соработка и соработката со Европската комисија на полето на изградбата на соодветни капацитети врз основа на презентираните Царински упатства на Европската комисија (EC Customs Blueprints) и засилувањето на активностите во спроведувањето на законите од областа на заштитата на правата од интелектуалната сопственост и борбата против пиратеријата.

Во сораобтака со Амбасадата на Обединетото кралство во Република Македонија, во Скопје на 19 март се одржа состанок со г-дин Роберт Нисбет, претставник на Царината на Обединетото кралство, при што се разгледани можостите за понатамошна соработка и давање на подршка на Царинската управа во процесот на реформи и евроинтеграциите.

Во периодот 10-14 март 2008 година беше реализирана оценска мисија на Европската комисија во областа на правда, слобода и безбедност. По тој повод на 11 и 12 март беа одржани два состаноци во Царинската управа на кои се разговараше за борбата против корупција, економски и финансиски криминал, како и за борбата против организаиран криминал, вклучувајќи и борба против тероризам. Претставниците на Европската комисија беа запознаени со досегашните активности кои ги превзема Царинската управа и резултатите од борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Во CEN базата на Светската царинска организација се внесени податоци за 38 заплени реализирани од Царинската управа на Република Македонија